Влада на Република Северна Македонија

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за правни работи

Бр.45-5165/

Скопје, мај 2021 година

ДО

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

ПРЕДМЕТ: Достава на документација
Врска: Ваш КО бр.36/21 од 20.05.2021 година

Почитувани,

До Владата на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат, доставивте барање за доставување на документација, во врска со истражна постапка за набавка на софтвер за определување на просечна брзина на возила во сообраќајот и изрекување на казни од страна на Владата на Република Северна Македонија.

За потребите на постапката, барате да Ви биде одговорено на прашањата дали е извршено примопредвање и дали стоките за кои нсе спроведени јавни набавки се наоѓаат во Владата на Република Северна Македонија, и тоа:

-Метални кабини за потребите на системот за биометриска идентификација и систем за автоматско препознавање на регистарски таблици;
- ANPR камери за препознавање на регистарски таблички за возила;
-Софтвер за определување на просечна брзина на возила во сообраќајот и изрекување на казни
- Софтвер и хардверска опрема предвидена во техничката спецификација за оглас систем за биометриска идентификација.

Ве известуваме дека примопредавање е извршено на целокупната опрема која е наведена и во двата предметни договори.

Исто така, примопредавање е извршено и на двата спомнати софтвери и истите се инсталирани на компјутери кои се во сопственост на Владата на Република Северна Македонија.

Дополнително, со цел да се утврди дали постои предметната опрема, на 26.05 и 28.05.2021 година, извршен е попис за кој е составен извештај бр.11-5772/3 од 01.06.2021 година, при што е утврдено дека истата постои и е согласно предметните договори.

Влада на Република Северна Македонија

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за правни работи

Дел од опремата се наоѓа во Владата на Република Северна Македонија, простории на печатница, додека металните кабини за биометриска идентификација, кои не се поставени поради пандемијата, но истите се уредно попишани во евиденцијата на основните средства и со вонредниот попис е утврдено дека се во целост согласно техничката спецификација како и во предметниот договори се наоѓаат во просториите на Стара Стаклара.

Во прилог Ви ја доставуваме следната документација:

-Записник од технички прием за примопредавање на софтверско решение (софтвер за Определување на просечна брзина на возила во сообраќајот и изрекување казни) од 06.07.2020 година.

Напоменуваме дека, со наш допис бр.45-3576/6 од 05.04.2021 година, Ве известивме дека не располагаме со акт за примопредавање на наведениот софтвер. Ве известуваме дека , по направени дополнителни проверки, утврдено е дека е направено примопредавање со Записник од технички прием за примопредавање на софтверско решение (софтвер за Определување на просечна брзина на возила во сообраќајот и изрекување казни) од 06.07.2020 година и софтверот се наоѓа во Владата на Република Северна Македонија.

-Записник од технички прием за примопредавање на имплементирано решение (Систем за биометриска идентификација) од 12.07.2019 година.

Со почит,

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зекири


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk